Акционерско Друштво
СТРУМИЧКО ПОЛЕ
Бр. 03-107
24.04 2026 год.
с.Василево-Василево

**До**
**Собранието на акционери**
**АД Струмичко поле**
**С.Василево**

**ИЗВЕШТАЈ**
**За работата на Одборот на Директори на АД Струмичко поле за 2025 година**

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив | АД Струмичко поле с.Василево |
| Седиште | Населено место без уличен систем Василево |
| ЕМБС | 5613809 |
| ЕДБ | 4027002132389 |
| Судска регистрација според Закон за трговски друштва | Решение Трег.бр. 109/2002 од 18.02.2002г. |
| Приоритетна дејност/Главна приходна шифра од Централен регистар на РМ | 11.02-Производство на вино од грозје |
| Организационен облик | 05.5-акционерско друштво |
| Вкупна основна главнина МКД | 74.168.430,00 |
| Вкупен број на акции | 239 253 |
| Сопственичка структура | 98,98%-АД Грозд Струмица<br>1,02%-физички лица |

ВОВЕД

Согласно законските одредби, го поднесувам овој извештај до Собранието на акционери со цел запознавање со позначајните активности преземени во текот на 2025 г. во насока на реализирање на зацртаните цели и остварување на што е можно подобар финансиски резултат во рамките на постоечките услови на стопанисување.

Целта на извештајот е да обезбеди информации во врска со финансиската состојба, успешноста на работењето и инвестирањето кои се неопходни во процесот на донесување на одлуки за идното работење. Исто така извештајот за работењето на друштвото ги покажува и резултатите од упаравувањето на менаџментот со ресурсите кои му се доверени.

Предметниов извештај ги покажува резултатите од контролата над управувањето со Друштвото и истиот се доставува до овластена ревизорска куќа *Идеја плус ревизија консалтинг доо* која со одлука бр 0202/104 донесена на седница на Собрание на акционери од 31.05.2025г. е избрана за вршење на ревизија на финансиските извештаи на АД Струмичко поле за 2025г.

Во текот на 2025 г. Одборот на директори на Друштвото ги вршеше своите активности во согласност со надлежностите утврдени со законските прописи и со Статутот на Друштвото. Фокусот на неизвршните членови во извршувањето на законски зададените овластувања беше пред се во интерес на Друштвото како и во интерес на сите акционери и во деловната 2025г. вршеа надзор над водењето на работењето и управувањето во Друштвото и континуирано го следеа финансиското работење на Друштвото.

СТРУКТУРАТА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Одборот на директори на Друштвото формиран со Стаутот брои 3 члена.

*Извршниот член,со датум на назначување на функцијата од 3.05.2011г., Глигор Митев, м-р на агроекономија, со ЕМБГ: е Овластено лице со овластувања: Извршен директор без ограничување.
*Неизвршниот независен член на Одборот на директори,е лицето: Тања Митева, дипл.инж.технолог, со ЕМБГ: е Претседател на Одборот на директори.
Согласно на законот Одборот има еден независен член, неизвршен член во својот состав.
*Неизвршен член во Одборот на директори,е лицето: Ристе Митев, дипл.економист, со ЕМБГ:.
Членовите на Одборот на директори имаат постојан пристап до информации во врска со финансиските и економските активности на Друштвото преку писмените документи изготвени од финансово-сметководствената служба, овластениот ревизор како и Извршниот Директор. Ваквото постојано информирање овозможува ефективно донесување на одлуки на седниците на Одборот на директори.
Членовите на Одборот на директори во деловната 2025г. учествуваа во работата на Одборот на директори на одржаните седници.

НАЧИНОТ НА РАБОТА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Согласно на одредбите од Статутот на Друштвото како и врз основа на законските одредби, одборот работеше на седници. На одржаните седници Одборот на директори ги разгледуваше и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања. Сите членови на Одборот учествуваа и соработуваа позитивно за остварувањата на Друштвото во 2025г. Претседателот имаше проактивна улога организирајќи ги седниците. Нема исплаќано парични средства на членовите на Одборот на директори во 2025г. Нема исплаќано парични средства на членовите на Одборот на директори во 2025г.

ДОЛЖНОСТ И ОДГОВОРНОСТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Постапувајќи во согласност со законските обврски истакнуваме мислење дека членовите на Одборот ја разбираат својата должност и согласно на тоа се однесуваа совесно, во најдобар интерес на Друштвото и неговите акционери, носејќи одлуки во деловната 2025 г. за целокупната деловна активност. Дополнително со посебно внимание го следеа работењето на Извршниот директор и администрацијата во друштвото.

КОНТРОЛА И РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Во текот на 2025г. континуирано се следеше целокупното работење на Друштвото преку разгледување на финансиските извештаи од финансово-сметководствената служба на АД Струмичко поле и извештаите за реализацијата од Извршниот Директор.

Со оглед на тоа што основната дејност на АД Струмичко поле-Василево е 11.020-Производство на вино од грозје,приходите во основа се состојат од продажба на вино, трпезно грозје , вински дестилат,,приходи од закупнини приходи од продажба на прасиња и друго.

Во изминатата 2025г. беше реализирана продажба на 532 451 лит вино, 173 570кг трпезно грозје, 148.847 лит вински дестилат. Во винарската визба беа преработени 2.826.340кг грозје од сопствено производство а има добиено 1.920 200лит вино.

Во изминатата 2025г. АД Струмичко поле има добиено финансиска поддршка во вредност од 8 381 117ден. согласно Програмата за директни плаќања во земјоделството и руралниот развој за 2024 и 2025г.

Табела: Податоци од Македонска берза

| Година | 2025 | 2024 | 2023 | 2022 | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен приход од редовни активности | 85.653 | 99.817 | 109.148 | 139.485 | 135.947 | 139.096 | 116.898 |
| Оперативна добивка | | | | 397 | 2.463 | 1.712 | 13.813 |
| Добивка по оданочување | | | | 354 | 2.385 | 1.559 | 13.083 |
| Загуба по оданочување | 1994 | 14.339 | 35.682 | | | | |
| Главнина и резерви | 383168 | 385.162 | 399.501 | 435183 | 434.829 | 432.444 | 432.403 |
| Вкупно обврски | 62878 | 61.398 | 40.315 | 29.544 | 24.971 | 30.208 | 33.479 |
| Вкупно главина, резерви и обврски | 446047 | 446.561 | 439.816 | 464.727 | 459.799 | 463.856 | 465.882 |

* податоците се во 000 денари

**Податоците за 2025 се неревидирани**

Според финансиските извештаи на АД Струмичко поле за 2025г. вкупните оперативни приходи се 85.653.364,00 ден. а вкупните оперативни расходи се 87.647.307,50 ден.
Подетални податоци за приходите и трошоците се содржани во финансиските извештаи на АД Струмичко поле.
Во текот на 2025г нема исплакано дивиденда, и нема склучувано големи зделки .
Како извор на средства нема користено кредити од банки во текот на 2025г.

Системот на управување со квалитет и безбедност на храна согласно меѓународните стандарди ISO 22000:2005 и IFS Food, кој е воспоставен и сертифициран во АД Струмичко поле-Василево е составен дел на деловниот систем на компанијата и основен стандард на секојдневното работење. Со него компанија се обврзува на одговорност за континуирано пласирање на безбедни производи кои ги задоволуваат барањата и очекувањата на потрошувачите и како такви се конкурентни на пазарот.

АД Струмичко поле-Василево се обврзува на одржлив развој и одговорно, посветено и внимателно ги реализира своите деловни активности, водејќи грижа за влијанието кое го има врз животната средина согласно воспоставениот Систем за управување со заштита на животната средина согласно меѓународниот стандард ISO 14001.

АД Струмичко поле-Василево примарното производство го обавува согласно имплементираниот Систем за добра земјоделска пракса согласно стандардот GLOBAL GAP.

Инвестирањето е основна движечка сила во АД Струмичко поле со цел економско унапредување. Сите вложувања се усогласени со горенаведените стандарди.
Во текот на извештајната година се продолжи со инвестирање во движен и недвижен имот како и во одржување на постоечките објекти.
Вкупните инвестиции во градежни објекти во деловната 2025г. се во вредност од 2.347 863,00 ден, а се инвестираше во реконструкција на градежни објекти и изградба на три бунари за наводнување Исто така се инвестираше во подигање на нов лозов насад заедно со систем кап по кап на 7,78ха во вкупна вредност 7.466.085 денари .

ЗАКЛУЧОК

Сите членови на Одборот на директори дадоа значителен придонес во функционирањето на Одборот на директори и остварија добра соработка. Меѓутоа како резултат на неповолните пазарни и лошите временски услови кои неповолно влијаа врз лозарството АД Струмичко поле-Василево извештајниот период, поточно 2025 година ја заврши со остварување на негативен финансиски ефект.

Претседател на
Одбор на директори
Тања Митева дипл.инж.технолог